**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Министерството за економија, согласно Програмата за развој на туризмот за 2017 година на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 192 од 17.10.2016 година), објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

**Субвенции за туристички цели на селски домаќинства**

1. **Предмет на Јавниот повик е "Субвенции за туристички цели на селски домаќинства**".

2. **Право на учество на Јавниот повик** имаат сите физички лица кои вршат угостителска дејност и кои се категоризирани согласно Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката во селските домаќинства во руралните средини од Законот за угостителската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16).
3. **Вкупната вредност на повикот е** 2.500 000,00 денари
4. **Барањето да биде доставено до** Министерство за економија, Сектор за туризам и угостителство

   - Барањето треба да ги содржи следниве податоци: име и презиме, адреса и контакт телефон за физичкото лице;
   - Во прилог на барањето треба да се достават решение за категоризација на угостителскиот објект од општината и
   - Фотографии од објектот
5. **Услови за добивање на субвенција**
   - Субвенционирањето за туристички цели на селски домаќинства ќе се врши преку Кофинансирање до 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000,00 денари кои ќе се направат за следните намени:

     - Објектот да е уреден и опремен согласно традицијата на крајот во кој се наоѓа,
     - Да подготвува и послужува топли и ладни јадења, пијалоци и напивки вообичаени за крајот во кој се наоѓа селското домаќинство,
     - Да нуди услуги за сместување (најмногу до 10 соби односно 20 легла),
     - Надворешниот изглед на куќата да биде без оштетување и знаци на дотраеност, а околината да биде уредена.

- Средствата од субвенциите не се наменети за кофинансирање на следните трошоци:

Набавка на потрошен материјал и возила;
Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара кофинансирањето,
Царина за намените/трошоците за кои се бара кофинансирањето;
Курсни разлики;
Хонорари и дневници за ангажираните лица;
Закупнина за деловен простор и сл.

- Разгледувањето на апликациите и утврдување на исполнувањето на условите од Јавниот повик Комисиијата ќе го прави запазувајќи го принципот „прв дојден, прв услужен“, односно по редослед на поднесување на апликацијата, до исцрпување на средствата.

- -Доколку поднесеното Барање е некомплетно, Комисијата писмено ќе се обрати до апликантот и ќе се определи рок за дополнување на Барањето за субвенционирање. Со цел запазување на принципот “прв дојден, прв услужен”, за Барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на Барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на Барањето, односно датумот кога Барањето за субвенциорнирање ќе биде целосно комплетирано.

- Доколку подносителот на барањето аплицира за кофинансирање на трошоци по основ на оваа мерка престане со вршење на дејност пред истекот на 1 година од датумот на добивање на средствата (основ во случај на смрт или трајна неспособност), во тој случат апликантот има опбврска да врати 80 % од доделените финансиски средства по основ на предвидените намени во период од 12 месеци. По истекот на 1 година од датумот на добивање на средствата Министерството за економија преку Комисија формирано од Министерот за економија ќе провери дали апликантите кое биле субвенционирани во 2017 година е суште активно ја вршат дејноста како физички лица кои вршат угостителска дејност. Доклку се утврди дека истото престанало со вршење на дејност Министерството за економија ќе поведе постапка за враќање на средствата.

- Кај мерката ќе се земаат во предвид само докажаните трошоци настанати во периодот од 01.01.2017 година до крајниот рок на аплицирање утврден во Јавниот повик и за кои соодветната Комисија при увид на лице место ќе констатира дека трошокот е реално направен и е во согласност со приложените финансиски докази.

- Увидот на лице место Комисијата ќе го направи во рок од еден месец по истекот на рокот за аплицирање утврден во Јавниот повик по што ќе следи исплата на средства од страна на Министерството за економија за апликантите кои во целост ги исполнуваат условите од јавниот повик.

- Апликантите кои бараат кофинансирање на трошоците за набавка на опрема кај оваа мерка се обврзани набавената опрема да не ја оттуѓат во рок од две години од денот на нејзината набавка.

6. **Барањата со комплетната документација треба да се доставaт во архивата на Министерството за економија, Сектор за туризам и угостителство, ул. Јуриј Гагарин бр. 15 – Скопје**
   **Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk**

**Краен рок за пријавување е до 30 Септември 2017 година**

**За подетални информации**

·Tel:(02) 3093 540; (02) 3093 543·faks: (02) 3093 543: email: bekim.hadziu@economy.gov.mk